**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр. 09-95/1**
**05.01.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ДО______________________________________________________________**

**КРИВА ПАЛАНКА**

Врз основа на член 39, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 65 и 67 од Деловникот на Советот на Општина Крива Паланка, Ве известуваме дека 35-та седница на Советот на Општина Крива Паланка ќе се одржи на 12.01.2024 година (петок) во 09,00 часот.

Д н е в е н р е д:

Усвојување на записници од 33 и 34 - та седница

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година;
2. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028;
3. Предлог –Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред ;
4. Предлог-Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година;
5. Предлог – Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2023 година – Крива Паланка;
6. Предлог-Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година ;
7. Предлог-Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;
8. Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Крива Паланка
9. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка за финансирање на капитален инвестиционен проект - Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка
10. Предлог-Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Крива Паланка со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици
11. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

Ве молиме за присуство на седницата во салата Општина Крива Паланка.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска , с.р.**